USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# БЕГАЛСКАТА КРИЗА ПОМЕЃУ ЕКОНОМСКИТЕ ПРИДОБИВКИ И РИЗИКОТ ОД ПОЈАВА НА МИТО, КОРУПЦИЈА И ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# БЕГАЛСКАТА КРИЗА ПОМЕЃУ ЕКОНОМСКИТЕ ПРИДОБИВКИ И РИЗИКОТ ОД ПОЈАВА НА МИТО, КОРУПЦИЈА И ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

ТМ
ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

БЕГАЛСКАТА КРИЗА ПОМЕЃУ ЕКОНОМСКИТЕ ПРИДОБИВКИ
И РИЗИКОТ ОД ПОЈАВА НА МИТО, КОРУПЦИЈА
И ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

**Издавачи:**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Транспаретност Македонија (ТМ)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор, МЦМС
Димче Митрески, извршен директор, МЦМС
Ана Јаневска Делева, извршен директор, ТМ

**Автор:**
Артан Сулејмани

**Лектура:**
Даниел Медароски

**Дизајн:**
Кома

**ИСБН: 978-608-4681-49-6**

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
**Контакт:**
МЦМС, **адреса:** ул. Никола Парапунов бр. 41а
пошт. фах 55, 1060 Скопје;
**тел.:** +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298
**е-пошта:** mcms@mcms. mk; веб-страница: www.mcms.mk.
**Scribd:** http://www.scribd.com/people/documents/2996697
**SlideShare:** http://www.slideshare.net/mcms_mk
**Facebook:** http://www.facebook.com/mcms.mk
**Twitter:** http://twitter. com/mcms_mk

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата единствено за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

Публикацијата е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција. Содржината на публикацијата е одговорност на авторот Артан Сулејмани и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД .......... 5

2. Метод на анализа .......... 7

3. Анализа на резултатите .......... 9

3.1. Анализа на закони и други документи поврзани со истражувањето .......... 9

3.2. Теренско истражување на ситуацијата во привремениот транзитен центар во Табановце .......... 9

3.3. Интервјуа и неформални разговори .......... 11

4. Не/посета на привремениот транзитен центар во Гевгелија .......... 16

5. Приближна пресметка на односот на готовината (парите во оптек) со ризикот од корупција .......... 17

6. Заклучок и препораки .......... 19

Профил на авторот .......... 21

Користена литература .......... 22

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ



Целта на ова истражување е анализа на економските придобивки, а наедно и ризикот од појава на мито, корупција и организиран криминал од бегалската криза. Во првиот дел од истражувањето беа анализирани Законот за азил и привремена заштита на Република Македонија[1], податоци од невладините организации и државните органи кои се занимаваат со оваа проблематика со цел да се увидат можните извори на корупција. Посебен акцент беше ставен во анализата од појавата на неформална економија од бегалската криза и ризикот од појава на корупција и организиран криминал. Оваа анализа беше надополнета и преку апроксимативна пресметка/математика и истакнувањето на корелацијата помеѓу паричната маса во оптек и ризикот од појава на корупција во државата. Крајната цел на проектот е да изнесе одредени заклучоци и препораки за подобрување на процесот на транзит на бегалците, а со тоа и можност за елиминирање на ризикот од појава на мито, корупција и организиран криминал. Податоците укажуваат на тоа дека Р. Македонија има солидна основа за спречување на негативните можни појави од кризата со миграцијата. Има одредени индиции кои укажуваат на можна злоупотреба на службената должност во граничниот премин Гевгелија, но и можна појава на криминални дејствија во меѓузоната на граничниот премин Табановце. Добиените податоци не се потврдени, затоа се третираат само како индиции. За оваа цел на крајот се дадени одредени препораки како превентивно да се дејствува за да се спречат можните негативни појави од овој тип.

1 Службен весник на РМ, бр. 19 од 13.02.2009 година

# 1. ВОВЕД

**Големиот прилив на емигранти се очекува да создаде можност некои да профитираат, но наедно да го зголеми и ризикот од појава на корупција и криминал**

Бегалската криза денеска е еден од најголемите проблеми со кои се соочува Европската Унија (ЕУ). На бранот бегалци од регионите во кои се одвива војна (Сирија, Ирак и Авганистан) му се приклучуваат и голем број емигранти од сиромашните земји во потрага по подобар живот. Според анализата на ББС, само за ова година во Германија ќе побараат азил 1,5 милиони луѓе, додека унгарскиот министер за надворешни работи, Петар Сијарто (Peter Szijjártó), изјави дека 35 милиони се упатиле кон Европа. Ваквиот голем одѕив на бегалци патот до Европа го наоѓаат главно по две рути: првата, преку Средоземното Море и втората, преку Турција, Грција, Македонија. Заради клучната позиција на Македонија на патот на бегалците, таа беше во фокусот на многу медиуми, не без причина. Според Курир и Фактор, од 19 јуни 2015 година кога беше усвоен Законот за емигранти, па сè до ноември 2015 година, во Македонија поминале 64.000 бегалци, додека се очекува уште поголем прилив на емигранти и оваа бројка може да достигне до 300.000 до крајот на годината[2]. Од друга страна, во образложението на МВР од 18.09.2015 г. се истакнува дека преку Република Македонија, според податоците со кои располага МВР, од почетокот на годинава транзитирале 300.000 илегални емигранти, а откако беше прогласена кризна состојба, од 20.08.2015 до 15.09.2015 беа регистрирани 35.630 емигранти, додека вистинскиот број е многу поголем, односно низ територијата на Р. Македонија на организиран начин (возови, автобуси, комбиња, такси-превозници) транзитираа преку 125.000 емигранти. Ваквиот голем прилив на емигранти може да создаде ризик некои да профитираат, но наоедно да го зголеми и ризикот од појава на корупција и криминал.

Преку медиумите, јавноста беше информирана за уапсени граѓани заради нелегално пренесување на бегалците пред 19 јуни 2015 година, за кои се претпоставува дека профитирале дури и до 3.000 евра по човек[3]. По донесувањето на Законот за азил и привремена заштита на 19 јуни 2015 година, се овозможи превоз на емигрантите со возови и автобуси, а тој превоз се врши и ден денеска. Покрај донесените измени на законот, останува да се испита како тоа функционира во пракса и дали е доволно ефикасен систем за да ги спречи обидите за

2 http://kurir.mk/ http://faktor.mk/

3 http://telma.com.mk/vesti/koj-zabrani-taksistite-da-prevezuvaat-begalci, http://telma.com.mk/vesti/taksistite-od-gevgelija-migrantite-sami-da-odluchat-za-prevoz, http://reporter.mk/2015/08/11/

злоупотреба на оваа криза. Во јавноста има шпекулации и озборувања за можна злоупотреба, корупција и шверц со бегалците. Од тие причини битен е аспектот на овој начин на транспортирање и процедурите кои се применуваат, односно дали транспортерите кои ги пренесуваат бегалците се евидентирани, дали парите кои бегалците ги даваат за превоз се евидентирани во економијата на Македонија преку фискалните сметки, или тие сочинуваат дел од сивата економија на државата.

# 2. МЕТОД НА АНАЛИЗА

**Главниот метод за изработка на истражувањето беше теренската анализа. Беа спроведени интервјуа со невладините организации кои работат на оваа проблематика и интервјуа со дел од бегалците кои беа пресретнатаи на граничните премини**

При изработка на оваа анализа се користени повеќе методи, почнувајќи со канцелариска анализа на закони кои ја регулираат ова проблематика, до следење на медиумите, електронски и пишани, кои известуваа за овој проблем и кои информираат за можни злоупотреби и корупција како индикација каде да се стави акцентот на нашето набљудување и истражување. Како главен метод за изработката на ова истражување беше користена теренска анализа. Притоа беа посетени граничните премини во Табановце и Богородица за да се увиди ситуацијата на терен и можните ризици за појава на корупција за време на процедурата на транзит на бегалците низ Македонија. Во склоп на ова теренско истражувањето беа спроведени интервјуа со невладините организации кои работат и се занимаваат со оваа проблематика и интервјуа со дел од емигрантите кои беа пресретнати на граничните премини. Како начин на интервјуирање со бегалците, таксистите и полицајците, беше одбрана техниката на сикрет шопинг (secret shopping), техника преку која интервјуерот без да се идентификува се обидува преку слободен разговор да дојде со информации кои би му послужиле на неговата истражувачка цел.

Истражувањето е составено од три дела. Во првиот дел од истражувањето се анализираат Законот за азил и привремена заштита на Република Македонија и Законот за спречување корупција, со цел да се увидат можните извори на корупција за време на транзитот на емигранти, а кои наедно би помогнале во составувањето на прашалниците на интервјуата што понатаму беа спроведени.

Вториот дел од истражувањето го опфаќа теренското истражување на бегалскиот камп во Табановце, со цел да се увиди начинот и процедурата врз основа на која се врши транзитот на емигранти низ Македонија. Дополнително теренското истражување на овие кампови помогна да се увидат можните ризици од корупција кои постојат во овие кампови за време на транзитирање на емигрантите. За време на овие посети посебен акцент се стави врз транспортот на емигранти, односно начинот на кој тој се врши. Дали по извршениот транспорт се даваат билети, како се врши плаќање и дали се даваат фискални сметки, или тие пари не се евидентираат и влегуваат во доменот на сивата економија. Во склоп на теренското истражување посебно прашање на

кое се обидовме да дадеме одговор е дали во камповите или во нивна близина постојат таканаречени диви продавачи кои на емигрантите им продаваат намирници и храна.

Третиот дел од истражувањето ги опфаќа спроведувањето на полуструктурирани интервјуа со граѓанските организации кои работат на оваа тематика, со бегалците, а наедно и Центарот за управување со кризи (ЦУК), со цел да се увиди и нивното гледиште, искуствата што ги имаат со бегалците и можните ризици од корупција со кои тие се соочиле. Интервјуата во вид на слободен разговор беа направени и со емигрантите кои транзитираат во Македонија за тоа дали биле жртви на давање мито и корупција за време на транзитот низ Македонија.

Добиените резултати се селектирани и усогласени по претходно определена структура со која лесно се обработуваат и извлекуват релевантни податоци. На крајот, на основа на добиените податоци од релевантни извори, но и преку други методи, извршена е пресметка на корелацијата на готовината (парите во оптек) со ризикот од корупција кој ќе се користи за заклучоци и препораки.

# 3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## 3.1. АНАЛИЗА НА ЗАКОНИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ПОВРЗАНИ СО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Пред да се почне со теренското истражување, беа анализирани законите и прописите, како и документите кои ја регулираат или следат оваа проблематика. Во тој контекст беа разгледани Законот за азил и привремена заштита (пречистен текст)[4], Указот за прогласување на Законот за измени и дополнување на Законот за азил и привремена заштита[5], Законот за спречување корупција (пречистен текст)[6], Годишниот извештај за работа на Државната комисија за спречување корупција 2011-2015 година[7] и Извештајот за остварување на државната програма за превенција и репресија на корупцијата и државната програма, за спречување и намалување на појавата на судир на интереси со акциски план[8].

Од анализата на законите може да се констатира дека Република Македонија има солидна основа за заштита и спречување на можни злоупотреби на оваа појава преку корупција и други незаконски дејствија.

Во извештаите за остварување на програмите за заштита и спречување корупција нема податоци за појава на корупција и други незаконски дејствија поврзани со проблематиката која ја третираме. Ова е разбирливо бидејќи проблемот со емигрантите е од понов датум што не се совпаѓа со времето за кога се дава информација по програмите.

## 3.2. ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА СИТУАЦИЈАТА ВО ПРИВРЕМЕНИОТ ТРАНЗИТЕН ЦЕНТАР ВО ТАБАНОВЦЕ

Теренското испитување на привремениот транзитен центар за бегалците во Табановце беше спроведено на 20.11.2015 година, откако претходно беше добиена согласност од ЦУК во Скопје и од директорот на граничниот транзитен центар.

4 Службен весник на РМ, бр. 19 од 13.02.2009 година

5 Службен весник на РМ, бр. 101 од 18.06.2015 година

6 Службен весник на РМ, бр. 28/02, 46/04, 126/06, Одлука на Уставниот суд од 10.01.2007, 10/08 и 16/08)

7 Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција 2011-2015, април 2015 година

8 Извештај за остварување на државната програма за превенција и репресија на корупцијата и државната програма, за спречување и намалување на појавата на судир на интереси со акциски план, 2011-2015 година. Бр. 10-698/1 од 02.03.2015 година

Теренското испитување беше спроведено со цел да се увиди процедурата за влез во привремениот транзитен центар на емигрантите и на другите поединци, начинот на функционирање на центрите на емигрантите и најбитно од сè, транспортот и начинот на кој се прави пренесувањето на емигрантите до центарот во Табановце.

**ОПИС НА ПОСЕТАТА:** На влезот во кампот најпрвин се врши проверка и барање посебни дозволи и пропусници за влез во транзитните центри, што може да се оцени како позитивна постапка со што превентивно се намалува ризикот од инфилтрирање луѓе со сомнителни цели кои би сакале да профитираат, преку корупција и други нелегални средства од транзитот или кои би ја нарушиле безбедноста на транзитот на емигранти низ Македонија.

На патот до транзитниот центар беше увидено дека стои патрола на полицијата, која ги проверува колите и прави регистрација на лицата кои пренесуваат емигранти, а дополнително и ние бевме предупредени од нив дека нелегалното пренесување емигранти е и казниво со закон, до 5 години. При влезот на граничниот премин полицијата вршеше проверка за тоа дали возилата се дезинфицирани за пренос на емигранти и на документите на емигрантите кои се пренесуваат и наедно и се прави запис на регистарските таблички на лицата кои пренесуваат емигранти. Во Гевгелија претходно се проверува само бројот на патници и нивните документи, додека во Табановце се евидентираат бројот на таблици на лицата кои вршат пренос на емигранти. Треба да се напомене дека на денот на посетата на привремениот транзитен центар во Табановце имаше штрајк на Железницата, така што транспортот тој ден се вршеше само со такси-возила и со автобуси. При влезот во кампот беше забележан влезот на емигрантите и истоварувањето од таксистите. При истоварувањето беше забележено дека ниту еден од таксистите при преносот на емигрантите не издаваше фискални сметки, што укажуваше на тоа дека парите кои влегуваат од емигрантите при нивниот транспорт со такси превоз стануваат дел од неформалната економија која не се евидентира и оданочува. Дополнителен факт кој наведува и укажува на поврзувањето на овој бизнис кој не се евидентира со други бизниси е начинот на вршење дезинфекција на возилата. При разговорот со заменичката на транзитниот центар во Табановце, се дојде до информацијата дека вршењето дезинфекција на возилата чини 500 денари во Гевгелија и тоа мора да се направи за да може да се направи транзит на емигранти. Сепак за таксистите кои пренесуваат емигрантите оваа цена им е висока, па тие вршат дезинфекција во Велес за 50 денари, но според истражувањата на ЦУК, беше увидено дека оваа дезинфекција не е прописна. За тоа дали е решен овој проблем и не добивме точен и сигурен одговор од соговорникот.

**Нелегалното пренесување емигранти е казниво со закон. За тоа може да се добие и казна затвор до пет години**

**Забележано е дека таксистите при транспортирањето на емигрантите не им даваат фискални сметки што укажува на тоа дека парите стануваат дел од неформалната економија која не се евидентира и оданочува**

# 3.3. ИНТЕРВЈУА И НЕФОРМАЛНИ РАЗГОВОРИ

## 3.3.1. ИНТЕРВЈУ СО ПРЕТСТАВНИК НА ЦУК

При влезот во кампот имавме можност да разговараме со замееничката на привремениот транзитен центар, која нè прошета низ кампот и ни укажа на можните проблеми и предизвиците со кои се соочуваат со емигрантите. За време на нашата посета, ЕУ имаше изјавено дека нема да ги прими таканаречените економски емигранти , така што во граничните премини на Македонија се дозволуваше само влез на бегалците од воените жаришта - Сирија Ирак и Авганистан, додека транзитот на економските емигранти беше запрен, па така дел од емигрантите од Пакистан беа вратени. На денот на посетата во привремениот транзитен центар во Табановце на 19.11.2015 престојувале околу 200 емигранти. За време на разговорт се дојде до информацијата дека во план е да се прошири капацитетот на 800 до 1000 луѓе, кои би можеле да престојуваат од 5 до 7 дена со првенствена можност за престој да имаат мајките со деца и инвалидите.

**Делењето храна, облека и намирници на емигрантите се врши преку невладините организации кои претходно добиле дозвола за вршење на оваа хуманитерна дејност од Центарот за управување со кризи.**

**Надвор од кампот, во меѓузоната на Македонија и Србија, некои луѓе од околните села им продаваат на емигрантите цигари, алкохол и други намирници**

Имајќи предвид дека во транзитниот центар престојуваат над 200 емигранти, се постави прашањето за тоа каде преспиваат, се хранат и каде ги вршат сопствените потреби емигрантите. Имајќи предвид дека имаше информации по медиумите дека се имаат појавено диви продавачи на вода и намирници, се постави прашањето дали постојат диви продавачи. На тоа прашање добив негативен одговор, односно дека внатре во кампот нема диви продавачи. Делењето храна, облека и намирници на емигрантите се врши преку невладините организации кои претходно добиле дозвола за вршење на оваа хуманитарна дејност во ЦУК. Сепак, според заменичката на транзитниот центар, имало и такви случаи во кои имало упад на диви продавачи, кои потоа биле пријавени во полиција, па таа ги презела потребните мерки. Според неа, иако во кампот не постојат диви продавачи, надвор од кампот постојат луѓе од околните села кои им продаваат цигари, алкохол и други намирници на емигрантите во меѓузоната помеѓу Македонија и Србија.

За време на посетата се дојде до информација дека на патот во меѓузоната Македонија - Табановце до привремениот транзитен центар Миратовац во Србија имало и случаи на криминал - грабежи. Според заменичката на транзитниот центар, досега имало два евидентирани случаи од полицијата во кои лица од околните села кои зборувале арапски, ги залажале емигрантите и ги ограбиле. Треба да се истакне дека за време на посетата на овој дел од патот кој е 2 км долг, емигрантите го поминуваа пешки кајшто нема полиција која го помага безбедниот премин на емигранти од Македонија кон Србија, што до-

полнително претставува ризик за можност за повторување на минатите настани на ограбување.

Решението на овој проблем ЦУК го гледа во тоа што ќе направи проширување на патот со ширина 4 м и негово реконструирање со цел побезбеден премин на емигрантите. Дополнително како начин за намалување на овој ризик од појава на криминал од таков облик (ограбување) се бара и во можноста за намалување на далечината на транзитниот центар Табановце со Транзитниот центар Миратовац, од 2 км на 1 км со приближување на граничниот премин Миратовац за 1 км. Додека да се изврши реконструкцијата на овој пат, со цел побезбеден транзит на емигрантите и да не се повторуваат овие настани, работници од транзитниот центар ги советуваат емигрантите да не патуваат ноќе, а доколку веќе патуваат, да патуваат во поголеми групи.

## 3.3.2. ИНТЕРВЈУА СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

За време на посетата на привремениот транзитен премин во Табановце беа спроведени и полу структурирани интервјуа во вид на слободен разговор со членови на невладините организации кои работат во овој премин. Целта на овие интервјуа беше да се увиди гледиштето и искуството што го имаат невладините организации кои работат директно со емигрантите, како и да се увиди начинот на кој тие се финансираат за вршење на нивната хуманитарна дејност. Интервјуа беа спроведени со SOS детското село, со претставници на од хуманитарната организација Ластрада (Lastrada) и со претставници од организацијата НУН (NUN). Треба да се напомене дека пред да се спроведат интервјуата со невладините организации беше прашано и за процедурата за добивање дозвола за вршење хуманитарни акции во привремениот транзитен центар, во разговор со заменичката на транзитниот центар од ЦУК. Според неа, за една хуманитарна организација која сака да врши дејност од хуманитарен карактер во привремениот граничен премин во Табановце треба да се достави апликација во Центарот за управување со кризи во Скопје. Откако ЦУК ќе го разгледа нивното барање и кога тие ќе добијат пропусница за вршење хуманитарна дејност, штандовите се местат и тие почнуваат со работа. Дополнително ниту еден од луѓето кои работат на транзитниот граничен премин не се без пропусница, односно сите мора да имаат пропусници - дури и работниците кои вршат градежни дејности за подобрување на кампот. Легитимирањето на лицата кои влегуваат во кампот се прави со цел да се намали можноста од упад на лица кои би ја нарушиле безбедносната состојба во транзитниот центар, а наедно и од лица кои би сакале да ја искористат можноста за да профитираат на нелегален начин.

**Лицата кои работат во транзитниот граничен премин Табановце задолжително имаат пропусници, дури и работниците кои вржат градежни работи во кампот. На овој начин треба да се намали можноста за упад на лица кои би ја нарушиле безбедноста или би сакале да ја профитираат на нелегален начин**

### 3.3.2.1. СОС детското село

СОС детското село е организација која ја имаше отворено нејзината канцеларија на 19.11.2015 година, ден пред теренското истражување. Организацијата се занимава претежно со деца, односно нивно згрижување за време на престојот на транзитниот центар во Табановце. За време на разговорот беа разгледани просториите во кои тие работат на привремениот транзитен центар и со какви потешкотии се соочуваат тие. Според нив, тие обично се за згрижување емигранти кои се болни, кои имаат инвалидитет за коишто дополнително ги информираат и претставниците од Црвен крст. Претставниците немаа искуство со случаи на корупција за кои им кажале емигрантите, односно тие само им помагаат на болните луѓе со помош на дежурниот доктор од Црвен крст и се грижат за децата кои транзитираат низ привремениот транзитен центар. На прашањето како тие ги добиваат средствата со кои располагаат, односно како се финансираат за помош на емигрантите, одговорот беше дека тоа се од донации.

**Претставниците на невладините организации „СОС детско село“, „Ластрада“ и „НУН“ немаат искуство со случаи на корупција поврзани со емигрантите**

### 3.3.2.2. Ластрада (Lastrada)

Ластрада (Lastrada) е организација која исто така се занимава со згрижување на децата и жените. Дневно тие опслужуваат од 120 до 150 деца. За време на разговорот имавме можност да разговараме со двајца претставници на организацијата, кои работат на кампот. Од претставниците кои работат во оваа организација не можевме да дојдеме до одговор за можни случаи на корупција со кои се соочуваат емигрантите за време на транзитот низ Македонија, укажувајќи дека тие се обидуваат само да им ја дадат најдобрата нега и помош која можат за време на престојот во нивниот камп. При разговорот со претставниците не можеше да се дојде до целосен и точен одговор за начинот на финансирање на организацијата, иако според нив беше наведено дека средствата кои се добиваат доаѓаат претежно од донации.

### 3.3.2.3. НУН (NUN)

За време на посетата беше извршено интервју и со претставник на граѓанската организација НУН (NUN), кој укажа на тоа како организацијата работи со емигрантите. Се дојде до сознание дека организацијата претежно дели храна, облека и топли оброци на емигрантите, средства кои таа ги добива од донации. Според претставникот на организацијата, тие се организација која има долгогодишно искуство во хуманитарните активности и досега немаат затекнато некои нерегуларности за време на работата со емигрантите во овој транзитен граничен премин. На прашањето за тоа како се третираат емигрантите, дали има потешкотии за време на нивниот премин и престој во кампот - наведувајќи дали се случило некој да им продава стока која е за хуманитарни цели, претставникот одговори дека тоа не се случило и дека емигрантите кои поминуваат низ транзитниот центар или престојуваат тука, се третираат на многу добар и пристоен начин. Тие се снабду-

ваат со топли оброци и облека, а потоа се упатуваат кон граничниот премин Миратовце во Србија. Треба да се напомене дека ретко кога емигрантите престојуваат во кампот, обично тие откако ќе стигнат во кампот, се снабдуваат со храна и топли оброци и веднаш тргнуваат кон Србија и не се задржуваат во Македонија. Така што контактот индивидуално со секој емигрант е многу краток.

### 3.3.2.4. Интервјуа со бегалците

За време на престојот во кампот спроведени беа интервјуа и со дел од бегалците кои беа сретнати како поминуваат низ транзитниот центар. Начинот на интервјуирање беше во вид на слободен разговор (secret shopping), техника со која се прават напори да се дојде до одговор на саканите прашања, без притоа да се идентификуваат личностите кои го спроведуваат самото интервју. Интервјуата беа спроведени со цел да се дојде до одговор и да се увиди искуството кое мигрантите го имале за време на транзитот низ Македонија. При разговорт со бегалците кои беа затекнати тука, се дојде до информацијата дека патот го поминале со такси за што платиле по 25 евра по човек, а притоа не добиле никаква потврда за извршеното плаќање. Ваквиот факт укажува на сомневање дека средствата коишто се прибираат за транспортот на емигрантите преку Македонија, стануваат дел од неформалната сива економија на државата. На прашањето за третманот за време на транзитот низ Македонија, емигрантите со кои беше разговарано искажаа задоволство, односно истакнаа дека не се соочиле со некакви непријатности или не било побарано од нив да плаќаат за нешто за време на транзитот низ Македонија, освен за патот. Емигрантите дополнително укажаа дека храната, намирниците и облеката која ја добивале била бесплатна, односно им се давала без никаков надоместок. Ваквиот факт е дополнителен доказ што укажува на тоа дека начинот на делење на средствата и намирниците од хуман карактер за емигрантите не наидуваат на злоупотреби од страна на невладиниот сектор и лицата кои би можеле да бидат поврзани со нив.

**Според изјави на емигранти, транспортот со такси ги чини 25 евра по човек. Храната, намирниците и облеката што ги добиваат се бесплатни. Ова укажува дека нема злоупотребни на хуманитарната помош од невладините организации**

### 3.3.2.5. Интервјуа со полицајци и со таксисти

За време на истражувањето беше спроведен и неформален и неслужбен разговор со еден полицаец кој работи во привремениот граничен премин во Гевгелија и еден полицаец од висок ранг, кои не сакаа да се индентификуваат. За време на овој разговор се дојде до информација дека во привремениот граничен премин во Гевгелија се дава мито од 100 евра за човек при делење на емигрантите кои смеат да транзитираат во Македонија. Оваа појава се појавила откако Владата на Република Македонија го укина транзитот на економските емигранти, односно емигрантите кои не доаѓаат од воените жаришта во Сирија, во Авганистан и во Ирак. Така по воведувањето на оваа мерка полицајците што работат во тие транзитни центри им земаат по 100 евра за човек по емигрант за да им се дозволи да транзитираат низ Македонија. За

**Постојат шпекулации дека емигрантите даваат 100 евра мито при селекцијата за влез во Македонија.**

жал овие информации до кои се дојде не можеа да се верификуваат, така што овде ќе се изнесуваат само како неофицијални информации.

Дополнително во склоп на истражувањето се спроведе и интервју со таксист со иницијали А.И. кој директно не пренесувал емигранти, но е запознаен со проблематика. Тој на прашањето дали постојат таксисти кои нелегално пренесуваат емигранти и кои не се евидентираат, одговори со афирмативен одговор. Сепак ниту овие информации не се верификувани, имајќи предвид дека не се доби дозвола за посета на привремениот граничен премин во Гевгелија, иако претходно беше добиен позитивен одговор од ЦУК – Скопје, откако беше посетен транзитниот центар во Табановце. Ваквите индикации дополнително беа зацврстени откако беше изнесен прилог во вестите на телевизија Канал 5 и ТВ21, за емигранти кои ја поминуваат македонско-грчката граница со фалсификувани документи кои ги добиваат на грчката граница, додека, при влезот на во Македонија, според прилогот на ТВ21, тие воопшто не се евидентираат, туку едноставно се прашуваат од каде доаѓаат. Ваквиот начин на евидентирање на емигрантите, при влезот во Македонија, претставува сериозен ризик за појава на мито и корупција, ризик кој и се воочи при спроведувањето на ова истражување.

**Постојат шпекулации дека има таксисти кои нелегално пренесуваат емигранти кои не се евидентирани. Медиумите известија дека дел од емигрантите ја поминуваат македонско-грчката граница со фалсификувани документи кои ги добиваат на грчката граница**

# 4. НЕ/ПОСЕТА НА ПРИВРЕМЕНИОТ ТРАНЗИТЕН ЦЕНТАР ВО ГЕВГЕЛИЈА

Иако беше предвидено да се спроведе теренско истражување и на привремениот транзитен центар во Гевгелија во рамките на ова истражување, оваа посета не успеа да се спроведе, иако претходно беше добиена информација дека тоа ќе може да се направи. Барањето за посета на привремениот транзитен центар во Гевгелија во исто време кога и беше направено барањето за посета на транзитниот центар во Табановце, сепак иако претходно се доби дозвола од ЦУК, посета на транзитниот центар во Гевгелија беше оневозможена, со образложение дека дополнително треба да се разговара и со одговорниот човек на транзитниот центар во Гевгелија за добивање пропусница од него.

Поради вака создадените околности, беше разгледана можноста да се направи посета преку друга невладина организација која врши посета на транзитниот центар во Гевгелија. Во последен момент бевме информирани од невладината организација дека посетата не е можно да се реализира поради тензичната ситуација која преовладуваше во транзитниот центар при градење на оградата на македонско-грчката граница за да не се овозможи транзитирање на економските емигранти. Ситуацијата на крајот ескалира на 29.11.2015 година кога и беа повредени 27 припадници на безбедносните сили на транзитниот центар во Гевгелија.

Имајќи предвид дека не успеавме да спроведеме директно теренско истражување на граничниот премин, беше спроведен разговор со војник со иницијалите Ш.Б., кој работи во граничниот премин во Богородица. При разговорот со него, тој наведе дека обично емигрантите кои доаѓаат се лица кои носат доста големи количини готовина во себе, а дека и не се двоумат да ги користат за да им се овозможи премин низ Македонија. Сепак тој не можеше да потврди или наведе на тоа кој и како зема пари. Имајќи го предвид само фактот дека лицата кои транзитираат низ Македонија носат големи количини готовина со себе, а наедно и пооострите мерки за транзитирање, може да се воочи дека постои висок ризик од појава на мито и корупција.

**Дел од емигрантите кои доаѓаат носат голема количина пари со себе и не се двоумат да ги искористат за да им се овозможи премин низ Македонија. Ова, во комбинација со пооострите мерки за транзитирање носи ризик од појава на мито и корупција**

# 5. ПРИБЛИЖНА ПРЕСМЕТКА НА ОДНОС НА ГОТОВИНАТА (ПАРИТЕ ВО ОПТЕК) СО РИЗИКОТ ОД КОРУПЦИЈА

**Ако секој мигрант во просек има по 300 евра, тоа значи дека низ Република Македонија, во периодот од 19.6 до 30.12 поминале приближно 120 милиони евра што е 1,2% од БДП.**

**Големата количина пари ги прави емигрантите потенцијална мета за криминалците и злонамерните за напад, грабеж и насилство.**

Имајќи ги предвид информациите, кои и можеби се и широко познати, дека емигрантите со себе носат одредена количина готовина со која тие го финансираат нивниот пат до Европа, подготвен е исказ, со кој се аргументира односот што постои помеѓу количината пари во оптек и ризикот од појава на мито, корупција и организиран криминал.

Според податоците со кои располага ЦУК, во Македонија само во периодот од 4 месеци заклучно со 20.11.2015 г. евидентирани се 261.006 емигранти. Сепак во образложението на МВР од 18.09.2015 г. се наведува дека преку Република Македонија, според податоците со кои располагаат, од почетокот на годинава досега транзитирале 300.000 илегални емигранти, а откако беше прогласена кризна состојба, од 20.08.2015 до 15.09.2015 г., беа регистрирани 35.630 емигранти.

Според податоците на МВР за периодот од 19.06.2015 го 30.12.2015 година во 24:00 часот, издадени се потврди за вкупно 384.481 странски државјани. Претпоставка е дека секој мигрант кој транзитира низ Македонија со себе носи одредена количина на готови пари. Ако секој мигрант во просек има по 300 евра, тоа значи дека низ Република Македонија во периодот 19.6.2015-30.12.2015 поминале приближно 120 милиони евра што е 1,2% од БДП на Македонија. Треба да се напомене дека сумата од 300 евра е претпоставена на основа некои претходни индиции добиени од лица со кои е разговарано при истражувањето. Разговорите со таксистите кои ги превезуваат бегалците, со полицајците но и со други интервјуирани лица од НВО покажаа дека бегалците поседуваат многу поголемо количество на пари од потребните 25 евра што ги даваат за билет при транзит низ Македонија. Во слободниот разговор по методот „сикрет шопинг“, интевјуираните посочуваа многу поголеми суми на пари кои ги поседуваат бегалците. За потребите на студијата тие суми се упросечени.

Имајки предвид дека постои перцепција дека мигрантите со себе носат голема количина на пари, ги прави потенцијална мета за криминалци-

те и злонамерните за напад, грабеж и насилство. Покрај тоа, големата количина готовина претставува и ризик од појава на мито /корупција и организиран криминал. Покрај тоа, ова претставува сериозен притисок за наведување на луѓето со намера да вршат незаконски дејствија. Тоа исто така ги прави ранливи и државните органи, безбедносниот систем но и општеството во целина. За да ја прикажеме специфичната моќ/тежина но и притисок врз поединците, државните органи но и општеството во Р. Македонија направена е споредба со друга земја. Така ако се претпостави дека оваа иста количина на готови пари би влегла во поголема и по моќна држава како Германија (земја со БДП од 3 трилиони долари), тие би претставувале само 0,003% од БДП. Тоа значи дека нејзината специфична моќ/притисокот кој би го вршел врз луѓето, безбедносниот систем и органите на државата на и општеството во целина би бил далеку помал.

**Големата количина пари ги прави ранливи и државните органи, безбедносниот систем но и општеството во целина.**

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Од добиените резултати при анализа на документите и теренското истражување преку интервјуа и неформални разговори со надлежните органи за справување со бегалската криза, но и со други вклучени лица, НВО, претставници на полицијата, бегалци и слично, може да ги извлечеме следните заклучоци.

1. Република Македонија има солидна законска основа за справување со бегалската криза при тоа да го намали ризикот од мито, корупција и други незаконски дејствија поврзани со ова.
2. Од наодите кои се добиени од терен не може со сигурност да се тврди дека има воспоставени канали, мрежи и слично за трговија со бегалци кои можат да бидат директен извор за мито, корупција и друг вид криминал.
3. Има непотврдени информации дека има поединци кои се занимаваат со нелегален превоз и злоупотреба на незаштитените гранични меѓузони за грабеж, злоупотреба и слично.
4. Теренската анализа и интервјуата на граничен премин јасно укажуваат дека превозот и наплатата кај таксистите не се прави со фискална сметка, што значи нема јасна евиденција за наплата, а со тоа и даночна евиденција.
5. Од интервјуата со методот на „secret shopping“ има индиции за мито и корупција во граничниот премин Гевгелија, на влезот во државата.
6. Според нашата пресметка, во Македонија влегуваат околу 200 милиони евра пари во готово, кои не се евидентираат и стануваат дел од неформалната економија. Вака високиот оптек на пари кои не се евидентираат и соочинуваат околу 2,1% од БДП на земјата го зголемува ризикот од појава на мито и корупција во Република Македонија.

Со цел да се елиминира ризикот од појава на мито, корупција, трговија со луѓе и слично, кои можат и тоа како да придонесат за ерозија во платниот промет, но да имаат пошироки негативни последици по безбедноста, предлагаме:

1. Постојано следење на состојбата од страна на надлежните органи за оваа проблематика;
2. Поголема транспарентност на органите за безбедност и службите и НВО и редовно информирање на јавноста за состојбата;
3. Зајакнување на безбедносната контрола кај полициските службеници и службите за следење на даночната евазија, преку градење механизми за награда за успешно справување и казнување за прекршителите на законот;
4. Осигурување на граничните премини, меѓузоните и слично (случај на меѓузоната во Табановце), како извори за можна злоупотреба од страна на неодговорни граѓани за трговија со луѓе и криминалци;
5. Воведување контрола на начинот на наплата при превоз на емигранти, било од такси возачи било од јавни служби за превоз;
6. Зајакнување на патролите по патиштата и нелегалните премини поради пресретнување на можните трговци со луѓе и емигранти.

# ПРОФИЛ НА АВТОРОТ

**АРТАН СУЛЕЈМАНИ** е роден на 26.04.1993 година во Скопје. Дипломирал на  Економскиот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2015 година со почести Magna Cum Laude.

Моментално е кандидат за магистар за Статистички методи за бизнис и економија. Претходно бил вклучен во разни проекти финансирани од Европаскатата Унија, додека во 2014 година бил проектен координатор на проектот „Борба против корупција и конфликт на интереси во општина Чаир“.

Моментално е ангажиран во Стопанската комора на северозападна Македонија како соработник за истражување и развој. Неговите активности во Стопанската Комора вклучуваат: анализа на економските информации кои се од интерес за Стопанската комора, истражување и надгледување/анализа на домашните економски политки и подготовка на анализи и економски истражувања во специфични области.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Службен весник на РМ, бр. 19 од 13.02.2009 година
2. Службен весник на РМ, бр. 101 од 18.06.2015 година
3. Службен весник на РМ, бр. 28/02, 46/04, 126/06, Одлука на Уставниот суд од 10.01.2007, 10/08 и 16/08
4. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција 2011-2015, април 2015 година
5. Извештај за остварување на државната програма за превенција и репресија на корупцијата и државната програма, за спречување и намалување на појавата на судир на интереси со акциски план, 2011-2015 година. Бр. 10-698/1 од 02.03.2015 година
6. "Shadow Economy in Macedonia", Marian Nikolov nad other, CEA, Skopje 2012
7. Corruption, Monetary Examination and Inflation, A cross- Country Examination, Teymur Rahmani and Hana Yousefi, Статиа

**ЛИНКОВИ:**

http://telma.com.mk/vesti/koj-zabrani-taksistite-da-prevezuvaat-begalci

http://telma.com.mk/vesti/taksistite-od-gevgelija-migrantite-sami-da-odluchat-za-prevoz

http://reporter.mk/2015/08/11/

http://www.mvr.gov.mk/vest/392

Македонски
центар за
меѓународна
соработка

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

314.15.045-054.72:343.35

СУЛЕЈМАНИ, Артан
Бегалската криза помеѓу економските придобивки и ризикот од појава на мито, корупција и организиран криминал [Електронски извор] / [автор Артан Сулејмани]. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2016

Начин на пристап (URL): http://mcms.mk. - Текст во PDF формат, содржи 22 стр.. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 17.02.2016. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 22

ISBN 978-608-4681-49-6

а) Мигрантска криза - Организиран криминал - Корупција
COBISS.MK-ID 100561674